Како дел од мисијата на Sardich MC за информирање на јавноста во врска со работата на компанијата, на ден 16.05.2017 г. дел од тимот на Sardich MC, предводен од Главниот технолог и Главниот геолог на рудникот Казандол спроведе презентација и запознавање со применетите техничко-технолошки мерки во Рударско-индустрискиот комплекс Казандол на населението во с. Казандол, коешто воедно е и најблиското населено место на Рудникот.

На самата презентација беше направен детален осврт на техничко-технолошките мерки, кои се применети и ќе се применуваат при работа на Рударско-индустрискиот комплекс со нивно објаснување и разгледување на превентивните мерки за заштита на животната средина и здравјето на луѓето, по што следеше објаснувањето на значењето на комплексот за развојот и подобрувањето на животните услови во населеното место и за целата општина.

Исто така, членовите на стручниот тим ги разјаснуваа нејаснотиите и одговараа на прашањата, коишто граѓаните ги поставуваа за работите кои се изведуваат и ќе се изведуваат во рудникот Казандол. Присутните граѓани поставија голем број прашања за процесите и начинот на функционирање на рудникот, по што го изразија своето задоволство за понудените објаснувања.

Во текот на презентацијата беше поделен и материјал за информирање на населението и беше водена отворена дискусија за работите поврзани со рударскиот Комплекс, како и за работите кои го засегаат месното население.

На средбата уште еднаш беше укажано дека стручниот тим на Sardich MC е секогаш подготвен да одговара на прашањата на граѓаните во текот на Отворените денови, што се одржуваат секоја среда во просториите на компанијата во Пирава и на коишто може да присуствуваат и да учествуваат сите заинтересирани граѓани изнесувајќи ги своите прашања и добивајќи детални, навремени и точни информации од стручниот кадар на Sardich MC.



